**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП I бр. 25-504
17.05.2018 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето од Друштво за трговија и услуги АГС ЦОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје, УП I бр.25-504 од 09.05.2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. Се овластува Друштвото за трговија и услуги АГС ЦОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје, за вршење на работи на техничка служба, на инспекциското место лоцирано на ул.Перо Наков бр.25, Скопје, за следните постапки:

а) **- Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, R, C и S** согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија"бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14 и 182/16); и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10);

б) **– Одобрување на преправено возило од категориите M, N и O** согласно член 7 секторски по точка 1 (ТНГ и КЗГ), 4 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10);

## О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за трговија и услуги АГС ЦОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје до Министерството за економија поднесе барање УП I 25-504 од 09.05.2018 година со кое бара овластување за техничка служба.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање, Предлогот за овластување од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-398/8 од 07.05.2018 година и Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр. ИТ-105 од 02.04.2018 година и неговиот Прилог издаден на 02.04.2018 година од Институтот за акредитација на Република Македонија, изврши увид во доставената документација и одредбите од наведената законска регулатива, при што утврди дека Друштвото за трговија и услуги АГС ЦОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје се овластува за техничка служба на инспекциското место на Ул. Перо Наков бр.25, Скопје, за следните постапки:

а) **- Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, R, C и S** согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возила;

б) **– Одобрување на преправено возило од категориите M, N и O** согласно член 7 секторски по точка 1 (ТНГ и КЗГ), 4 и 13) од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила;

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба, издаден од Органот за одобрување – Биро за метрологија со бр. 1609-398/8 од 07.05.2018 година;

- Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр. ИТ-105 од 02.04.2018 година и неговиот Прилог издаден на 02.04.2018 година од Институтот за акредитација на Република Македонија со Известување за вработените од Друштвото за трговија и услуги АГС ЦОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје кои учествуваа во надзорното оценување на опсегот на регистрација бр.08-56/16 од 11.04.2018 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Решение за упис во Централен регистар и доказ за тековната состојба на правното лице, издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.35020180006324 од 13.03.2018 година;

- Доказ за деловен простор – Договор за подзакуп на деловен простор заверен на Нотар со број УЗП 3753/2018 од 16.04.2018;

- Доказ за за техничка опременост- Список на опрема наведен во Образец 6.2.1.2 АГСЦ Листа и план за калибрација на мерна опрема од 05.03.2018, Сертификат за калибрација на мерна лента бр.LK 2018/02.003-01/-02 од АМСМ УСЛУГИ и Сертификат за извршена калибрација на уред за одредување на затемнетост на стаклата бр. WT18STP-006 од 26.02.2018 год. издаден од АУТОИНСТРУМЕНТ од Скопје;

- Изјава од управителот Иван Петровиќ од 02.04.2018 година, дека во рок од 6 месеци од денот на издавање на решението, АГС ЦОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје ќе достави Бонитет на друштвото;

- Доказ за склучен договор за осигурување од професионална одговорност со ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, полиса бр.130400000603/00 со важност до 23.03.2019 година;

- Доказ за вработени (копии од обрасците М1/М2) и доказ за стручно образование за: дипл.маш.инж. Зоран Василевски, дипл.маш.инж. Војче Ѓозински, дипл.маш.инж. Владимир Јовановски, дипл.маш.инж. Ѓорѓи Кацарски и дипл. инж. Томе Божиновски;

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила, Правилникот за одобрување на тип на моторни возила со две или три тркала, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила, Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10 и 145/10) во износ од 2.050,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението

МИНИСТЕР,
Kreshnik Bekteshi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ